РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
Бр. 01-793/1
28-01-2019 20___ год.
СКОПЈЕ

Р Е П У Б Л И К А М А К Е Д О Н И Ј А
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА

# ПРАВИЛНИК

# ЗА ПЛАНИРАЊЕ, ПРОГРАМИРАЊЕ, БУЏЕТИРАЊЕ И ИЗВРШУВАЊЕ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА

*Скопје,*
*јануари 2019 година*

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на РМ" број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) а во врска со член 142 од Законот за одбрана („Службен весник на РМ" бр.42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11 и 215/15) министерката за одбрана донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ПЛАНИРАЊЕ, ПРОГРАМИРАЊЕ, БУЏЕТИРАЊЕ И ИЗВРШУВАЊЕ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА

## I ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се пропишува управувањето со ресурсите во Министерството за одбрана (во натамошниот текст: Министерството).

Управувањето со ресурсите се организира и спроведува преку систем на Планирање, програмирање, буџетирање и извршување (во натамошниот текст: ППБИ).

Член 2

Предмет на Правилникот е пропишување на системот и обврските на учесниците преку кој се реализира планирањето, програмирањето, буџетирањето и извршувањето на буџетот за одбраната во системот на ППБИ.

Член 3

Планирањето, програмирањето, буџетирањето и извршувањето во Министерството се темелат врз следните принципи:

1. Усогласеност со економскиот развој на Република Македонија;
2. Неделивост на планирањето од раководењето и командувањето;
3. Усогласеност со процесот на одбранбеното планирање на НАТО;
4. Интегрално согледување на одбранбените капацитети и способности (доктрини, организација, обука, материјали, командување, лидерство, персонал, инфраструктура и финансии);
5. Континуитет во процесот на планирање, кој обезбедува постоење на основни и специјализирани планови, програми, потпрограми, активности и потребни ресурси за нивна реализација;
6. Реалност во планирањето, која бара планираните цели да бидат во согласност со расположливите ресурси;
7. Транспарентност, одговорност, законитост, економичност, ефективност и ефикасност.

Член 4

Основа за организирање и спроведување на системот на ППБИ се следните стратешки документи:

1. Национална концепција за безбедност и одбрана;
2. Стратегија за одбрана;
3. Одлука за утврдување на стратешките приоритети на Владата;
4. Стратешки одбранбен преглед (во натамошниот текст: СОП);
5. Долгорочен план за развој (во натамошниот текст: ДПР);
6. Други документи.

Член 5

Системот на ППБИ е континуиран и повторлив процес составен од повеќе посебни, но меѓусебно поврзани фази: планирање, програмирање, буџетирање и извршување.

Во фазата планирање, врз основа на документите од член 4, се планираат одбранбените способности и капацитети, изразени преку големина, структура и потребни ресурси.

Во фазата програмирање се врши преточување на плановите во конкретни програми и интегрирање на потребите и барањата во согласност со политиките и приоритетите на Министерството.

Во фазата буџетирање се обезбедуваат финансиски средства за усвоените програми.

Во фазата извршување се менаџираат и евидентираат финансиските средства одобрени за остварување на усвоените програми.

Член 6

Преку системот на ППБИ се обезбедува:

1. Идентификување на потребите кои произлегуваат од целите утврдени во документите од член 4 од овој Правилник;
2. Утврдување и верификување на потребите за ресурси врз основа на мисиите, задачите и приоритетите;
3. Преточување на утврдените потреби во планови и програми;
4. Подготовка на буџет за одобрените програми;
5. Извршување и контрола на одобрениот буџет;
6. Донесување на одлуки согласно утврдените цели и расположливи ресурси.

## II УЧЕСНИЦИ ВО СИСТЕМОТ НА ПЛАНИРАЊЕ, ПРОГРАМИРАЊЕ, БУЏЕТИРАЊЕ И ИЗВРШУВАЊЕ

Член 7

Во рамките на своите надлежности и функционални обврски Министерството го спроведува системот на ППБИ преку :

1. Министерот за одбрана;

2. Управна група;
3. Програмска група;
4. Началникот на Генералштабот на Армијата на Република Македонија (во натамошниот текст: началникот на Генералштабот);
5. Раководители на програми, Програмски елементи и други учесници.

***Министер за одбрана***

Член 8

Во остварувањето на системот на ППБИ, Министерот за одбрана:

1. Раководи со системот на ППБИ;
2. Ги одобрува плановите и програмите;
3. Донесува Преглед на одбранбени способности (во натамошниот текст: ПОС) и го доставува до Владата на Република Македонија, Комисијата за безбедност и одбрана при Собранието на Република Македонија и Претседателот на Република Македонија;
4. Издава Насоки за ажурирање на долгорочниот план за развој;
5. Издава Насоки за ажурирање на среднорочниот план за развој и програмирање;
6. Издава Насоки за програмирање;
7. Издава Насоки за буџетирање и реализација на програмите;
8. Поднесува Предлог буџет, согласно Законот за буџети;
9. Донесува Финансиски план со насоки за извршување на буџетот и
10. Презема други мерки и активности.

***Управна група***

Член 9

Управната група е советодавно тело на министерот во процесот на донесување одлуки по документите од член 17 од овој Правилник и други документи во процесот на управување со ресурсите.

Во остварувањето на системот на ППБИ, членовите на Управната група ги разгледуваат предложените документи, даваат мислења и предлози пред донесување на одлука од страна на министерот.

Член 10

Постојани членови на Управната група се: заменикот министер, државниот секретар, началникот на Генералштабот, заменикот началник на Генералштабот, директорот на Генералштабот, раководителите на Секторот за политика и планирање (во натамошниот текст: СПП) и Секторот за финансии (во натамошниот текст: СФ).

По потреба, во работата на Управната група може да бидат вклучени и други лица.

Со Управната група раководи министерот.

### *Програмска група*

Член 11

Програмската група е тело во системот на ППБИ кое се грижи за организација и спроведување на насоките издадени од министерот во процесот на изработка на документите кои се разгледуваат на Управната група.

Член 12

Постојани членови на Програмската група се: директорот на Генералштабот, раководителите на програми, раководителите на СПП и СФ, и началниците на J-4 и J-5 во Генералштабот.

По потреба, во работата на Програмската група може да бидат вклучени и други лица.

Со Програмската група раководи државниот секретар.

### *Началник на Генералштабот на Армијата на Република Македонија*

Член 13

Во остварувањето на системот на ППБИ, началникот на Генералштабот:

1. Го спроведува системот на ППБИ во Армијата на Република Македонија (во натамошниот текст: Армијата);
2. Предлага способности и капацитети на Армијата за остварување на мисиите на одбраната;
3. Изразува потреба за пополна на Армијата со персонал, материјално-технички средства, како и финансиски средства за развој и одржување на потребните способности и капацитети;
4. Предлага план за опремување и модернизација на Армијата;
5. Поднесува извештај за одбранбените способности и капацитети на Армијата;
6. Презема други мерки и активности во спроведувањето на системот на ППБИ во Армијата.

### *Раководител на програма*

Член 14

Раководителот на програма е лице одредено од министерот кое во спроведувањето на системот на ППБИ:

1. Раководи со изработка на програмата;
2. Ја доставува програмата на разгледување до Програмската група;
3. Раководи со реализацијата на програмата;
4. Обезбедува документирање на програмата;
5. Изработува анализи и извештаи за реализација на програмата и периодично ги информира Програмската група и непосредно претпоставениот;

6. Предлага измени и дополнувања на програмата, а по потреба и измена на буџетот на програмата;
7. Презема други мерки и активности во врска со изработка и реализација на програмата.

### *Програмски елементи и други учесници*

Член 15

Под програмски елементи, се подразбираат сите организациски единици во Министерството и Армијата кои учествуваат во организација и спроведување на плановите, програмите, како и во остварувањето на системот на ППБИ.

Во процесот на ППБИ може да се ангажираат и други учесници – експерти во определена област.

Член 16

Обврските и постапките на учесниците во системот на ППБИ во Министерството, како и детален опис на содржината на документите, ќе бидат пропишани со Упатство за спроведување на овој Правилник, (во натамошниот текст: Упатство).

### *Документи во системот на ППБИ*

Член 17

Спроведувањето на системот на ППБИ се врши согласно следните документи:

1. Долгорочен план за развој, кој се донесува за период од 10 години;
2. Среднорочен план за развој (во натамошниот текст: СПР), кој се донесува за период од 4 години;
3. Програми за реализација на среднорочниот план за развој;
4. Преглед на одбранбените способности;
5. Краткорочни - годишни планови;
6. Насоки за ажурирање на долгорочниот план за развој;
7. Насоки за ажурирање на среднорочниот план за развој и програмирање;
8. Насоки за програмирање;
9. Насоки за буџетирање и реализација на програмите;
10. Предлог буџет на Министерството;
11. Финансиски план со насоки за извршување;
12. Други документи кои ќе бидат пропишани со Упатството.

## III ПЛАНИРАЊЕ

Член 18

Планирањето во смисла на овој Правилник, претставува фаза во системот на ППБИ во која се дефинираат долгорочните и среднорочните развојни цели и приоритети во Министерството.

Член 19

Во фазата планирање се дефинираат одбранбените способности и капацитети изразени преку големина, структура и потребни ресурси во согласност со одбранбените и безбедносни потреби на Република Македонија.

***Долгорочно и среднорочно планирање***

Член 20

Основа за долгорочното планирање во Министерството претставуваат документите на стратешкото планирање од член 4 од овој Правилник и се однесува на период од десет години. Долгорочниот план за развој се ажурира секоја четврта година и усвојува најдоцна до крајот на јуни, во годината во која се донесува/ажурира.

Во долгорочниот план за развој се дава проекција на одбранбените способности и капацитети за период од десет години, особено во следните области: одбранбена политика, одбранбени способности и капацитети, структура на силите, персонал, опрема, обука, инфраструктура и финансиски ресурси.

Член 21

Среднорочниот план за развој претставува разработка на целите од долгорочниот план во конкретни потреби од способности и капацитети по следните функционални области: персонал, организација, образование и обука, материјал, објекти и одржување.

Составен дел на СПР се програмите од член 30 на овој Правилник.

Среднорочниот план се донесува за период од четири години, а се ажурира секоја втора година и се усвојува најдоцна до крајот на јуни, во годината во која се донесува/ажурира.

***Краткорочно – годишно планирање***

Член 22

Краткорочното-годишно планирање е составен дел од планирањето со кое се реализира управувањето со човечки и материјални ресурси и директно се поврзува планирањето со програмирањето и изработката на буџетот.

Документи на краткорочното-годишно планирање се: Годишен план за работа и плановите по функционални области дефинирани со закон и подзаконски акти.

***Преглед на одбранбените способности***

Член 23

Прегледот на одбранбените способности е документ во кој се презентира достигнатото ниво на одбранбени способности и капацитети во последните две години. ПОС се донесува секои две години во јануари и му претходи на СПР.

Основа за изработка на ПОС е проценката на безбедносното опкружување, достигнатото ниво на одбранбени способности и капацитети и реализација на плановите и програмите во претходните две години.

Член 24

Доколку Министерството процени дека настанале поголеми промени во безбедносното опкружување или се утврди потреба од промени во градењето на одбранбените способности и капацитети, се изработува и вонреден Преглед на одбранбените способности и на Владата и Претседателот на Република Македонија им предлага промена во документите од член 4 на овој Правилник.

Член 25

Прегледот на одбранбените способности ги содржи следните области:

1. Одбранбена политика и планови;
2. Среднорочни цели кои треба да се постигнат;
3. Персонална политика и менаџмент;
4. Логистика;
5. Структура на силите и степен на развој на способности и капацитети;
6. Учество во операции и мисии;
7. Учество во мултинационални формации и способности;
8. Обука и вежбовни активности;
9. Финансии;
10. Препораки за надминување на констатираните слабости.

Член 26

Прегледот на одбранбените способности е основ за донесување на:

1. Насоки за ажурирање на долгорочниот план за развој до крајот на февруари, секоја четврта година;
2. Насоки за ажурирање на среднорочниот план за развој и програмирање, до крајот на февруари секоја втора година;
3. Насоки за програмирање, до крајот на февруари секоја втора година;
4. Насоки за буџетирање и реализација на програмите за следната година, до крајот на март во тековната година;
5. Насоки за изработка на предлог-буџет, до крајот на јуни во тековната година.

Член 27

Насоките за ажурирање на долгорочниот план за развој ги содржат:

1. Промените во безбедносното опкружување;
2. Долгорочните развојни цели кои треба да се постигнат;
3. Мисиите кои треба да се реализираат;
4. Способностите кои треба да се постигнат;
5. Проекции за расположливите ресурси;
6. Приоритетите;
7. Критичните претпоставки;
8. Насоките за натамошно планирање на ресурсите.

Член 28

Насоките за ажурирање на среднорочниот план за развој и програмирање ги содржат:

1. Развојните цели кои треба да се постигнат по следните функционални области: персонал, организација, образование и обука, материјал, објекти и одржување;
2. Приоритети;
3. Програмската структура;
4. Раководителите на програми и нивните заменици;
5. Рамковна распределба на проектираните финансиски средства по програми и години.

Член 29

Насоките за програмирање ги содржат:

1. Приоритети;
2. Програмската структура;
3. Раководителите на програми и нивните заменици;
4. Рамковна распределба на проектираните финансиски средства по програми и години.

## IV ПРОГРАМИРАЊЕ

Член 30

Програмирањето, во смисла на овој Правилник, е фаза во системот на ППБИ во која развојните цели од долгорочниот план за развој се преточуваат во среднорочен план за развој на Министерството. СПР се разработува и ажурира преку следните програми:

Програма број 1: Администрација;
Програма број 2: Персонал и образование;
Програма број 3: Функционирање во Армијата;
Програма број 4: Обука во Армијата;
Програма број 5: Логистика во Армијата;
Програма број 6: Опремување и модернизација;
Програма број 7: Објекти и инфраструктура;
Програма број 8: Мировни и хуманитарни операции.

Член 31

За секоја програма се дефинираат програмски цели и содржина.

Изработка и следење на реализација на програмите се врши од страна на раководителите на програмите.

Член 32

Во фазата програмирање се врши анализа на програмите, од аспект на нивното влијание врз планираните одбранбени способности и капацитети, согласно дефинираните потреби, барања, утврдените приоритети и расположливите ресурси за нивна реализација.

Анализата на програмите ги опфаќа претходната и тековната година. Финансиската проекција ги опфаќа буџетската и следните три програмски години.

### *Изработка и верификација на програмите*

Член 33

Утврдените програми се изработуваат и реализираат преку потпрограми, задачи, активности, проекти и програмски елементи.

Член 34

Раководителите на програми изработуваат и издаваат насоки за носителите на задачи, активности, проекти и програмските елементи, врз основа на Насоките за ажурирање на среднорочниот план за развој и програмирање.

Насоките ги содржат утврдените цели, приоритети, финансиски рамки, рокови, форма на документите, а по потреба и други инструкции.

Раководителите на програми, насоките од овој член ги доставуваат до учесниците во процесот на програмирање најдоцна до 15. март во тековната година.

Член 35

Врз основа на насоките од член 34 од овој Правилник, носителите на задачи, активности, проекти и програмските елементи, изработуваат предлог за потребните ресурси за реализација на програмите.

Член 36

Предлозите од член 35 ги содржат персоналните, материјалните и финансиските ресурси потребни за извршување на задачите, активностите и проектите по програмски елементи.

Предлозите содржат опис и динамика на реализација на задачите, активностите, проектите и потребите за ресурси по години, со алтернативни решенија и проценка на ризиците за секоја понудена опција.

Составен дел на предлозите е и листа на приоритети која служи како критериум при донесувањето на одлуки во случај расположливите финансиски средства да не се доволни за финансирање на сите предложени програми, потпрограми, задачи, активности и проекти.

Член 37

Раководителите на програми ги обединуваат предлозите, по задачи, активности, проекти и потпрограми во предлог програма.

Предлог програмата ги содржи сите потреби и барања за персонални, материјални и финансиски ресурси, групирани и по приоритети и главни буџетски категории, за наредните четири години.

Секоја година се врши усогласување на претходно изработените програми со додавање на нова програмска година.

Член 38

Раководителот на програмата во соработка со носителите на задачите, активностите, проектите и раководителите на програмските елементи ги анализираат и усогласуваат проценетите и предложени персонални, материјални и финансиски ресурси за секоја задача, проект и програмски елемент.

При анализата и усогласувањето на предлозите, се врши оценка на истите од аспект на:

- целите и приоритетите кои ги поддржуваат;
- примена на принципите и процедурите пропишани со Упатството за аквизиција во Министерството;
- изворите на финансирање;
- очекуваните ефекти;
- проценка на ризиците и
- можните алтернативни решенија и нивното влијание врз ресурсите.

По извршените анализи, раководителот на програмата изработува листа на неусогласени прашања која е составен дел на предлог програмата.

Член 39

Раководителите на програмите предлог програмите ги доставуваат до Државниот секретар, СПП и СФ најдоцна до крајот на април во тековната година.

Член 40

Сектор за политика и планирање во соработка со Секторот за финансии ги обединува сите предлог програми и вкупните барања за финансиски ресурси.

Врз основа на обединетите барања, се изработува анализа со која се проценува можноста за финансирање на предлог програмите согласно очекуваните буџетски средства во програмскиот период.

Врз основа на извршената анализа се изработува извештај за можностите за финансирање на програмите кој се приложува кон предлог програмите.

Член 41

Предлог програмите со извештаите од член 40 од овој Правилник, СПП ги доставува до Програмската група до 20. мај во тековната година.

Член 42

Програмската група ги разгледува и усогласува предлог програмите врз основа на анализата изработена од Секторот за политика и планирање во соработка со Секторот за финансии и содржината на предлог програмите.

Доколку при разгледување на програмата на Програмската група се утврди потреба за доработка или измена на предлог програмата, предлогот со инструкции се доставува до раководителот на програмата на доработка и усогласување.

Член 43

Раководителите на програми, во соработка со носителите на задачи, активности, проекти и раководители на програмски елементи ги усогласуваат предлозите, во согласност со инструкциите добиени од Програмската група.

Член 44

Сектор за политика и планирање ги обединува сите усогласени предлог програми во среднорочен план за развој и го доставува до државниот секретар.

Член 45

Среднорочниот план за развој се доставува до Управната група и министерот на разгледување и усвојување, најдоцна до крајот на јуни, во тековната година.

Усвоениот среднорочен план за развој претставува основа за изработка на предлог буџетот, согласно усвоената програмска структура на Министерството.

## V БУЏЕТИРАЊЕ

### *Основни начела*

Член 46

Буџетирањето, во смисла на овој Правилник, е фаза во системот на ППБИ во која финансирањето на усвоените програми се усогласува со висината на финансиските средства одобрени со буџетот на Министерството.

Член 47

Буџетот на Министерството претставува годишен план на приходи одобрени од буџетот на Република Македонија, приходи од сопствени извори и приливи по други основи, со кои се врши финансирање на утврдените програми.

Член 48

Буџетот на Министерството се изработува во тековната, а се реализира во следната година. Истиот се однесува за период од една фискална година, која започнува на 1. јануари, а завршува на 31. декември во тековната година.

Член 49

Постапките за изработка и донесувањето на предлог-буџетот се спроведуваат во согласност со одредбите од Законот за буџетите, а се засновани на основните буџетски начела: транспарентност, одговорност, законитост, економичност и ефикасност.

*Подготовка на предлог-буџет*

Член 50

Предлог – буџетот на Министерството се изработува врз основа на следните документи:

1. Буџетски циркулар;
2. Насоки и инструкции за изработка предлог- буџет;
3. Наредба на началникот на Генералштабот за изработка на предлог- буџет во Армијата;
4. Документи издадени од другите учесници во системот на ППБИ.

Буџетскиот циркулар го донесува Министерството за финансии, а останатите документи се донесуваат во Министерството за одбрана.

Член 51

Министерството за финансии го утврдува максималниот износ на расходи и во форма на инструкции и буџетски циркулар го доставува до Министерството за одбрана.

Член 52

Со буџетскиот циркулар, доставен од Министерството за финансии, помеѓу другото се даваат:

1. Максималните износи на одобрени средства;
2. Инструкции за работа на буџетските корисници;
3. Рокови за изработка и доставување на предлог-буџетот;
4. Други информации кои се од технички и организациски карактер.

Член 53

Врз основа на СПР и буџетскиот циркулар, министерот за одбрана издава Насоки и инструкции за изработка на предлог – буџетот за следната година и проекција на буџетите за наредните две години.

Член 54

Во Насоките и инструкции за изработка на предлог-буџетот министерот ги утврдува приоритетите за следната година, висината на средствата по категории на трошоци, врши почетна распределба на финансиските средства по буџетските програми и дава други инструкции до учесниците во системот на ППБИ.

Насоките и инструкциите за изработка на предлог-буџет ги изработува СФ, кој воедно е носител на стручните и техничките работи за Програмската група.

Член 55

Насоките и инструкциите за изработка на предлог-буџет се доставуваат до Програмската група во Министерството, која е задолжена за усогласување на целите и приоритетите во рамките на усвоените програми во Министерството со одобрените износи за следната година.

Член 56

Началникот на Генералштабот е одговорен за изработка на предлог-буџетот во Армијата.

По добивањето на Насоки и инструкции за изработка на предлог-буџет, началникот на Генералштабот издава Наредба за изработка на предлог-буџет во Армијата.

Во Наредбата за изработка на предлог-буџет во Армијата, началникот на Генералштабот ги определува приоритетите на Армијата за следната година и дава други инструкции до командите и единиците на Армијата.

Врз основа на Наредбата на началникот на Генералштабот, началниците на секциите во Генералштабот и командантите кои имаат одговорности во спроведувањето на овој Правилник, издаваат подетални наредби со кои го регулираат начинот, постапките, роковите за изработка и доставувањето на предлог-буџетот до претпоставените команди и Ј-8 во Генералштабот.

Член 57

Носител на стручните и технички работи во изработката на предлог-буџетот за Армијата е Ј-8 – Буџет и финансии.

***Разгледување и усвојување на предлог-буџетот***

Член 58

Началникот на Генералштабот е одговорен за изработка на предлог-буџетот за утврдената програмска структура која се однесува на Армијата.

Ј-8 на Генералштабот извршува стручни, технички и организациски работи во фаза на изработка на предлог-буџетот за програмите кои се однесуваат на Армијата.

Член59

СФ врши обединување на сите предлог-буџетски барања по буџетски програми, ги контролира, усогласува и доставува до Програмската група.

Програмската група го разгледува, дополнува предлог-буџетот по програми и го доставува до министерот и Управната група на разгледување и усвојување.

Член 60

Усвоениот предлог–буџет, Министерството за одбрана го доставува до Министерството за финансии во рок утврден со Закон за буџетите.

Член 61

Министерот за одбрана може да предлага измени на доставениот предлог-буџет до Министерството за финансии се до неговото усвојување во Собранието на Република Македонија.

## VI ИЗВРШУВАЊЕ

Член 62

Буџетот на Министерството се извршува согласно Законот за извршување на буџетот на Република Македонија и интерните акти на Министерството.

Врз основа на Законот за извршување на буџетот, министерот за одбрана донесува Финансиски план (во натамошниот текст: ФП) најдоцна до 25. јануари во буџетската година, со кој се регулираат надлежностите, одговорностите и динамиката на извршување.

Со ФП, министерот за одбрана врши распределба на буџетските средства по програмски елементи.

Содржината на ФП подетално се опишува во Упатство.

Член 63

Финансискиот план на Министерството наменет за набавка на стоки, опрема, услуги и работи се реализира согласно Законот за јавни набавки, Упатството за аквизиција во Министерството и други акти со кои се регулира оваа проблематика.

Врз основа на Законот за јавни набавки и процедурите пропишани во Упатството за аквизиција, министерот за одбрана донесува Планови за набавки за тековната година.

Член 64

Секторот за финансии е одговорен за следење, анализа и известување за извршувањето на ФП на Министерството.

Формата, содржината, роковите за изработка и доставување на извештаите за реализација на ФП се регулираат во Упатство.

Член 65

Програмските елементи изработуваат извештај за реализацијата на финансискиот план и планираните задачи и проекти.

Извештаите се изработуваат најмалку двапати годишно и тоа осуммесечен, најдоцна до крајот на септември, и годишен најдоцна до 15. февруари во тековната за изминатата година.

Член 66

Врз основа на извештаите и барањата на програмските елементи, се разгледува потребата за прераспределба и пренамена на финансиските средства.

Прераспределба и пренамена на финансиските средства може да се врши и во случај на ребаланс на буџетот на Република Македонија.

## VII КОНТРОЛА И НАДЗОР

Член 67

Контрола и надзор над процесите во системот на ППБИ се спроведува во рамките на утврдените организациони облици на контрола, надзор и ревизија во Министерството.

Функционирањето на системот на ППБИ задолжително еднаш годишно се разгледува на седница на Управната група.

## VIII ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ

Член 68

Во случај на организациски и формациски промени во Министерството и Армијата, обврските од овој Правилник ги презема правниот наследник на изменетата или укинатата организациска единица.

Член 69

Со Упатство ќе се пропише начинот и постапката за спроведување на одредбите на овој Правилник, содржината и формата на документите, роковите, одговорноста за изработка, разгледување и усвојување на истите, како и други неопходни мерки и активности за спроведување на овој Правилник.

Член 70

Упатството за спроведување на Правилникот за планирање, програмирање, буџетирање и извршување во Министерството за одбрана бр.01-612/1 од 23.01.2007 година и 01-5062/1 од 14.07.2010 година ќе се усогласи со одредбите од овој Правилник најдоцна до крајот на февруари 2019 година.

Член 71

Со влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за планирање, програмирање, буџетирање и извршување во Министерството за одбрана бр. 01-4094/1 од 25.07.2006 година, бр. 01-2907/1 од 14.04.2008 година и бр. 01-5061/1 од 14.07.2010 година.

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА
Радмила Шекеринска Јанковска